# НЕКРОПОЛИТЕ НА
# МАЛИ ДОЛ



## ПРЕДГОВОР

Овој каталог произлезе како резултат од систематските ископувања на локалитетот Мали Дол во селото Тремник кај Неготино, кои се изведуваа во периодот од 2009 до 2018 година, во соработка помеѓу Археолошкиот музеј на Македонија, Скопје (во еден дел од истражувањата Музеј на Македонија – Скопје) со Музеј на град Неготино и Филозофски факултет, Институт за историја на уметност и археологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во овој момент можеме да зборуваме за вреднувањето на археолошкиот локалитет Мали Дол како нов и мошне значаен пункт по долината на Вардар на крајот на бронзеното време. Погребувањата на покојниците со припадност на групата Уланци се сведоштво за крајот на една заедница која живеела по средното течение на Вардар, со свои специфични културни и етнички белези. Од друга страна, погребувањата на покојници со различен погребен ритуал – кремации во урни, зборува за присуството на ново население кое доаѓа од север, со нови и различни социјални и културни белези. Сликата која преку Мали Дол ја добивме за крајот на XII и почетокот на XI век п.н.е., за едно турбулентно време на миграциски движења од север кон југ, е мошне значајна за праисториската археологија. Топографијата, стратиграфијата, хронологијата и културните вредности на оваа некропола ја позиционираат како неодминлива на патот кон микенските центри.

Широкиот временски распон на употреба на некрополата од повеќе векови и комплексната стратиграфија, каде што се издвоени две хронолошки различни некрополи (едната во предисторијата, а другата во средниот век) укажуваат на важноста на локацијата како сакрален простор.

Резултатите од истражувањата на Мали Дол не се публикувани во целост, но се презентирани на повеќе научни собири, јавни предавања и во форма на извештаи. Оваа изложба е само еден сегмент од истражувањата на Мали Дол кои беа презентирани во 2016 година во Археолошкиот музеј на Македонија, така што наодите од поновите истражувања не се влезени во обработката на овој каталог.

Изложбата „Некрополите на Мали Дол“ е резултат и дело на членовите на стручната екипа, како и на учесниците во овој проект кои придонесоа за неговата реализација. Истражувањата се одвиваат со финансиска помош на Министерството за култура на Република Македонија. Посебна благодарност изразуваме на фамилијата Колеви за нивната подршка и помош во реализацијата на овој проект.

Септември, 2018 г.

д-р Александра Папазовска

раководител на истражувањата

на Мали Дол

**СТРУЧНА ЕКИПА**

д-р Александра ПАПАЗОВСКА – раководител на ископувањата

м-р Александра ЧЕВРЕСКА – археолог, соработник

проф. д-р Драги МИТРЕВСКИ – стручен консултант

д-р Фаница ВЕЛЈАНОВСКА – стручен соработник за антропологија

Дејан ЃЕОРЃИЕВСКИ – стручен соработник за среден век

Костадинка ФИЛИПОВА – археолог, соработник

Елена БЛАЖОВСКА – археолог, соработник

Гордана МЛАДЕНОВСКА – археолог, соработник

м-р Викторија АНДРЕЕВСКА – археолог, соработник

м-р Маријан КОСТОВСКИ – археолог, соработник

Весна ЈАНКОВСКА – технички документатор

Бојана НОВАКОВИЌ – препаратор за коски

Киро АНГЕЛОВСКИ – соработник

Петар РИЗОВ – соработник

Ристе МАРКОВСКИ – соработник



**УЧЕСНИЦИ ВО ИСКОПУВАЊАТА**

Пео КОЛЕВ
Коле КОЛЕВ
Аце КОЛЕВ
Пере КОЛЕВ
Даниела КОЛЕВА
Бошко СТАНКОВИЌ
Киро ПАВЛОВ
Коле СТАНКОВ
Душко ЈОВАНОВИЌ
Сашко ЧЕСТОЈАНОВ
Анѓелчо ГУЦЕВ
Горан ДИМОСКИ
Данчо ЧЕСТОЈАНОВ
Илија ПЕТРОВИЌ
Стојанче АНТИЌ
Ѓело МАРКОВ
Гоце ДОДЕВ
Тони СТАНКОВ
Бошко АНТИЌ
Зоран СТАНКОВИЌ
Апостол ЧЕСТОЈАНОВ
Тино НЕДЕВ
Алекса БИНОВ
Драги ПЕТРОВИЌ
Горан ЈОВАНОВ
Славко ВЕЛИНОВИЌ
Трајче СТОЈАНОВ
Трајче ЈОВАНОВИЌ

## ИСТОРИЈАТ НА ИСТРАЖУВАЊАТА И СТРАТИГРАФИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАЛИ ДОЛ, С. ТРЕМНИК, НЕГОТИНО



Археолошкиот локалитет Мали Дол се наоѓа на стариот пат од Неготино кон Демир Капија, на јужните падини на влезот во селото Тремник, односно во месноста наречена Мали Дол (сл. 1).



сл. 1

Откриен е во 2008 г. кога сопственикот на нивата, г. Пео Колев, при изградба на штала во својот двор наишол на камени конструкции – гробови (сл. 2), во кои пронашол три бронзени игли и ги предал во Музејот на град Неготино. Уште истата година, тогашниот директор на Музејот на град Неготино, г. Киро Ангелов, направил увид на теренот и на површината констатирал четири погребувања (гробови од 1 до 4), во кои покрај споменатите игли бил откриен и еден ѓердан од којјести висулци со салталеон и килибар (#2). Наодите откриени во овие гробови се наоѓаат во Музејот на град Неготино.

Веќе следната 2009 година, информацијата за тоа дека постои нова, дотогаш за археолошката наука непозната некропола од крајот на бронзеното време, доаѓа до професор Драги Митревски од Институтот за археологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Свесен за потенцијалот на овој локалитет, како и за можноста за негово оштетување со земјоделските активности кои перманентно се одвиваат на теренот, веднаш се отпочнати археолошки ископувања со заштитен карактер. Ископувањата ги раководеше д-р Александра Папазовска, во соработка со Филозофскиот факултет и Музејот на град Неготино. Во текот на овие ископувања беа откриени вкупно 17 погребувања чијашто стратиграфија, откриениот археолошки материјал и погребните ритуали укажаа на постоење на две некрополи кои припаѓаат на два, временски прилично оддалечени периода (план 1). Првата, постара некропола датира од крајот на бронзеното време (крај на XIII - XII век пр. н.е.) и преминот кон раното железно време (односно XI - X век пр.н.е.). Со поновите



сл. 2

истражувања се констатирани и неколку погребувања кои датираат на самиот почеток од раното железно време (X век пр.н.е.). Втората, помлада некропола се карактеризира со погребувања кои според археолошкиот материјал припаѓаат на средниот век, односно на периодот помеѓу XI-XII век.

Широкиот временски распон на употреба на некрополата од повеќе векови и комплексната стратиграфија претставуваат предизвик да се продолжат археолошките ископувања во следниот период, односно од 2011 г. па сè до денес. Археолошките ископувања во овој период ги презеде Археолошки музеј на Македонија, под раководство на д-р Александра Папазовска, во соработка со Музејот на град Неготино и кустосот Костадинка Филипова.

Систематските истражувања на локалитетот Мали Дол имаат заштитен карактер и се изведуваат во нивата на г. Перо Колев. Просторот кој се истражува е мошне ограничен поради насадите од винова лоза и градинарски култури, така што ископувањата се одвиваат во зависност од слободниот простор (сл. 3). Поради тоа нема можност да се постави квадратна мрежа, па така истражувањата се изведуваат во контролни сонди кои во секоја кампања се надоврзуваат на претходните, со цел детално и во континуитет да се истражи делот од некрополата кој влегува во катастарската парцела бр. 1513 во приватна сопственост (план 2). Просторот кој се истражува претставува периферија на постарата некропола, од каде што гробовите се шират кон исток и кон југ, на простор кој, исто така, е имот во приватна сопственост, загрозен од секојдневно оштетување поради земјоделски насади (сл.4).



сл. 3

На локалитетот Мали Дол досега се откриени вкупно 75 погребувања, од кои 62 припаѓаат на постарата некропола од доцното бронзено и раното железно време, а останатите 13 гробови на помладата, средновековна некропола (план 3).

Во рамките на постарата некропола се издвојуваат два различни вида на гробни конструкции и погребни ритуали: постарите скелетни погребувања во цисти или јами и помладите во урни во кои се положени кремираните остатоци на покојниците. Разликите во гробните конструкции и ритуалот на погребување во



сл. 4

рамките на една иста некропола зборуваат за нејзиниот карактер, за животот на заедницата на преминот од бронзеното во железното време, но и за социјалните, економските и културните прилики во периодот од XII до почетокот на X век пр.н.е.

Во периодите кои следат постои голем хијатус во употребата на просторот за погребување. Откриено е само едно погребување кое според својот карактер и материјал можеме да го сместиме некаде во периодот на доцната антика, односно V век. Ваквата изолирана појава најверојатно се должи на недоволната истраженост на просторот, особено ако се имаат предвид информациите дека на блиската локација Орманков Гроб се откриени погребувања од доцно римско време.

Просторот на Мали Дол повторно се употребувал за погребување во периодот на средниот век. Истражените 13 гробови од XI и XII век укажуваат на карактерот кој овој простор го имал кај населението, односно бил забележан во нивната колективна меморија како простор со сакрална функција.







# ПРАИСТОРИСКА НЕКРОПОЛА – МАЛИ ДОЛ



Најголемиот број погребувања откриени на локалитетот Мали Дол (вкупно 62) припаѓаат на постарата некропола (план 3), каде што се издвојуваат две фази. Постарата фаза е претставена преку погребувања во гробови - цисти или јами, а помладата преку погребувања во урни.

Некрополата од постарата фаза со погребувања во гробови - цисти и јами е од типот рамни некрополи, организирана во редови (сл. 5). Според досегашните ископувања, констатирани се осум реда на погребувања. Откриените гробови се дел од западната периферија на некрополата, која се шири кон исток и кон југ. Источната граница на некрополата се следи до врвот на ридот, каде што на површината се видливи бројни остатоци од растурени гробови. Северната граница се наоѓа на јазичестиот испуст на падината која завршува со парцелата која ја истражуваме (КП 3513), а кон запад (план 2) нема гробови. Единствено јужната граница на некрополата не е јасно определена, но според исказите на мештаните, претпоставуваме дека се шири до парцелата КП 3517/2. Ориентацијата на гробовите е северозапад-југоисток, со извесни отстапувања кај одделни гробови во правец запад-исток. Ритуалот на погребување е инхумација, при што покојниците се положени во згрчена положба. Според гробните прилози, овие погребувања се датираат во средината на XII век пр.н.е., односно во втората половина на истиот век.



сл. 5

Помладата фаза на погребувања во некрополата се карактеризира со појава на новини во ритуалот на погребувањето. Се јавуваат гробови со спалени покојници положени во урни. Досега се истражени вкупно 16 погребувања во урни (план 3). Интересна е стратиграфската поставеност на урните во однос со гробовите-цисти (сл. 6). Најчесто нивната позиција не се поклопува со цистите, па изгледа како да знаеле за постоењето на постарата некропола. Но, појавата на урната (гроб 41) врз гробот-циста (гроб 42) го потврдува постоењето на две фази во рамките на некрополата. Овие погребувања во урни имаат едноставни гробни конструкции, јами вкопани



сл. 6

во здравицата (исто како и циститe), без посебни обележја, ретко оградени со камења или камени плочи (сл. 7). Нивната појава носи промени во сферата на погребувањето, како што е спалувањето, погребен ритуал кој укажува на промени во социјалната, па дури и во етничката структура на заедницата. Овие погребувања, според движниот археолошки материјал откриен во нив, се датираат во XI-X век пр.н.е.



сл. 7

Посебна појава во оваа некропола претставуваат неколкуте гробови-јами (сл. 8), кои се разликуваат од претходно споменатите во постарата фаза. Се работи за погребувања кај кои се забележува извесна промена во ритуалот на погребувањето, односно наместо покојникот да е положен во згрчена положба, тој е во пружена положба (сл. 9). Врз основ на малкуте предмети откриени како гробни прилози во овие гробови, можеме да констатираме дека датираат од самиот почеток, односно од првата половина на X век пр.н.е. Нивната појава сѐ уште не може да се издвои како посебна фаза во некрополата поради недоволниот број од само 3 погребувања од овој тип. Во секој случај, нивното присуство во некрополата е за одбележување поради малиот број познати гробови од раното железно време по долината на реката Вардар. Нивната појава во некрополата го потврдува континуитетот на погребувањата од крајот на бронзеното (XII век пр.н.е.), па сѐ до раното железно време (првата половина на X век пр.н.е.).



сл. 8



сл. 9

## ГРОБНИ ФОРМИ

Во рамките на праисториската некропола на локалитетот Мали Дол забележуваме појава на четири типа на гробни форми, и тоа: камени конструкции-цисти направени од поголеми и помали камени плочи, гробови-јами вкопани во здравицата, гробови-урни и лажни гробови - кенотафи.



сл. 10

Гробовите од типот КАМЕНИ КОНСТРУКЦИИ-ЦИСТИ се направени од поголеми и помали камени плочи, вкопани во претходно формирана јама со дно од набиена земја, а поретко на дното биле наредени тенки камени плочи. Овие гробови секогаш се покриени со големи камени плочи поставени врз страничните плочи, по должина на целата конструкција. Кај сите гробови, врз вака формираната конструкција-циста бил направен насип од речни камења наредени еден врз друг налик на хумка (сл. 10). Насипот без исклучок се среќава кај сите гробови од овој тип. Димензиите на насипите се движат од околу 2 м должина до 1-1,20 м ширина и висина до 1 м. Всушност, насипот од камења претставува гробен маркер кој содржи елементи на тумуларните погребувања и претставува честа појава кај гробовите од доцното бронзено време. Најдобрата илустрација за тоа се наоѓа на некрополата кај с. Уланци (Видески, 2006, 50; Митрески, 1997, 38-39), а вакви примери среќаваме и во бројните некрополи од доцното бронзено време во Грција и Албанија (Kurtz-Bordman, 1971,31-40; Korkuti,1981, 50-57). Интересен е податокот дека голем број од гробовите-цисти биле реупотребувани за помлади погребувања, поради што камените насипи (хумки) биле целосно или делумно девастирани (сл. 11). Во рамките на овој тип на гробови



сл. 11



сл. 12



сл. 13



сл. 14



сл. 15

можеме да издвоиме еден гроб каде што цистата е поделена на две комори поради секундарно погребување во неа (сл. 12). Едниот дел од цистата, каде што се наоѓаат нозете на покојникот, бил издвоен во посебна комора каде што биле положени остатоците од примарното погребување. На овој начин, примарното погребување се акцентирало како засебен гроб.

Гробната конструкција – ЈАМА била изведена со вкопување во здравицата, најчесто со овална форма, но се среќаваат и случаи каде што јамата има речиси правоаголна форма. Најчесто јамата била покриена со земја без никакви обележја, но поретко се среќаваат и јами кои биле покриени со насип од камења – хумка, како кај гробовите-цисти (сл. 13). Постојат и ретки примери каде што јамата била покриена со камени плочи или, пак, била врамена со речни камења (сл. 8). Интересна е појавата на т.н. двојни јами во кои среќаваме покојници кои се положени во исто време, или јами каде што горниот дел е поширок од долниот каде што бил положен покојникот (сл. 14). Појавата на двојни јами е речиси изолирана појава, така што кај нас досега не се забележани такви случаи.

ГРОБОВИТЕ – УРНИ ја претставуваат помладата фаза на некрополата која датира од преодниот период. Досега се истражени 16 погребувања во кои покојниците се спалени, а нивните остатоци се положени во урни. Урните биле поставени во помали јами вкопани во здравицата, најчесто без никаков маркер, а поретко среќаваме случаи каде што околу урната се поставени камења или камени плочи. Гробна конструкција изостанува, така што едвај се забележува каде било вкопувањето на самата јама во која е поставена урната (сл. 15). Остеолошкиот материјал заедно со прилозите бил положен во еден поголем сад од

типот амфора, покриен со капак - сад со кантаровидна форма. Но, кај неколку случаи амфората прво била затворена со камен и потоа покриена со капакот-кантаровиден сад.

Гробовите со урни биле организирани во групации, односно урните биле групирани и поставувани во круг (план 3). Досега се констатирани две групации, но не можеме со сигурност да потврдиме дали ваквата групираност е поради фамилијарните релации на покојниците или, пак, укажува на некаква социјална диференцијација на населението.

Она што е посебно интересно е поставеноста на урните во однос со цистите. Најчесто нивната позиција е веднаш покрај гробовите - цисти или јами, само во еден случај урната е поставена врз гробот – циста.

**РИТУАЛ НА ПОГРЕБУВАЊЕ**


сл. 16


сл. 17

На праисториската некропола Мали Дол е застапена биритуалност во погребувањето.

Доминираат гробови каде што покојниците се погребани со ритуал на инхумација во згрчена положба на телото. Ориентацијата на гробовите е во правец југозапад - североисток или запад - исток. Она што е посебно важно да се напомене е дека во постарата фаза на некрополата каде што покојниците се инхумирани, забележуваме строги правила во гробните ритули. Така, сите женски покојнички се свртени на левата (сл. 16), а мажите на десната страна (сл. 17). Оваа појава е типична за културната група Уланци и евидентна во најдобро истражената некропола од оваа група, некрополата Димов Гроб кај селото Уланци, како и некрополата кај село Водоврати (Видески, 2006, 50-51; Митрески, 1997, 35-37).

Кај инхумациите честа е појавата на повеќе погребувања во една иста гробна конструкција (најчесто две погребувања, но се случува истата гробна конструкција да биде користена дури три до четири пати). Кај ваквите погребувања, остеолошкиот материјал од примарното погребување бил собиран покрај нозете на новиот покојник. На некрополата Мали Дол среќаваме случаи каде што остатоците од постарото погребување се извадени надвор од гробната комора и се положени врз гробната конструкција, односно врз покривните плочи на цистата или пак се ставаат во насипот од камења врз гробот. Посебно внимание



сл. 18

се посветувало на черепот на претходниот покојник, коешто можеби се врзува и со некаков култ во заедницата. Черепот бил ставан врз покривната плоча на цистата, на местото каде што е главата на покојникот во гробот, или веднаш покрај цистата на ниво на покривната плоча (сл. 18). Особено интересен случај претставува гробот 30, каде што комората е поделена на два дела и во помалата комора биле положени остатоците од примарното погребување (сл. 12). Она што е навистина реткост во некрополите од доцното бронзено време е појавата на повеќе истовремени погребувања. Во тој правец ќе го издвоиме трикратното погребување во гроб 57, каде што покрај покојничката, возрасна женска индивидуа положена во згрчена положба свртена на левата страна, се положени и две деца. Едното дете свртено на десната страна е поставено пред покојничката, а другото е поставено на левата страна. Посебен интерес во истражувањата предизвика двојното погребување во гроб 65, каде што покојниците биле положени еден врз друг, без посебно посветување на внимание на гробниот ритуал, туку како едноставно да се фрлени во јамата (сл. 19). Најверојатно се работи за индивидуи кои биле отфрлени од заедницата, на што укажува фактот дека во рамките на една строго канонизирана некропола, на овие покојници воопшто не им било посветено никакво внимание при погребниот ритуал.



сл. 19

Во гробовите 61, 64 и 67, среќаваме промена во ритуалот на погребување на покојникот (сл. 9). Во овие гробови покојниците биле положени во речиси пружена положба, при што главата е завртена на страна, но телото е испружено, едната рака е поставена покрај телото, а другата на карлицата, а во некои случаи едната нога е благо свиена. Ваквата промена се забележува во најмладите погребувања во некрополата кои се датирани на почетокот на X век пр.н.е.

Во помладата фаза на погребувања во некрополата истотака среќаваме промена на ритуалот на погребување, така што покојниците биле кремирани и погребани во урни. Досега немаме податоци за тоа каде во рамките на некрополата бил вршен ритуалот на спалување, ниту, пак, е откриен простор кој би можел да се користи

како место за спалување. Она што е евидентно е дека спалувањето се одвивало на посебно место, покојниците биле горени на клада, а остеолошкиот материјал прво бил изладен, а потоа измиен и положен во еден керамички сад од типот амфора со четири држалки и затворен со капак - голем отворен длабок сад со кантаровидна форма. Врз остеолошкиот материјал во урната биле положувани гробните прилози на покојникот кои најчесто биле лични предмети на покојникот.

Појавата на кремацијата како погребен ритуал во рамките на истата некропола, укажува на промени во социјалната структура на заедницата, но и на појава на ново население со нови и специфични карактеристики.

Најмладите погребувања каде што покојниците се погребани со ритуал на пружена инхумација зборува за новини во општествената и културната сфера на заедницата.

## ГРОБНИ ПРИЛОЗИ

Гробните прилози во некрополата Мали Дол генерално се типизирани и речиси строго определени во однос на тоа дали се поставени во машки или женски погребувања. Кај машките погребувања редовно среќаваме тоалетен сет (игла, ноже и острач) и кантарос покрај нозете. Кај женските погребувања гробните прилози се состојат од накитот кој жената го носела во секојдневниот живот и керамички сад - чаша, бокал или алабастрон.

## НАКИТ

Меѓу откриениот накит во некрополата најзастапени се иглите. Хронолошки и типолошки можеме да издвоиме четири типа на игли: со купаста, конична (#32), кружна и дисковидна (#1, 29) глава. Иглите со купаста глава се чести прилози во машките погребувања од групата Уланци (Митревски, 1995, 60-61, сл. 18; Videski, 2007, 213, LVb-c; Видески, 2006, 86-90, сл. 40) и тоа како дел од тоалетен сет, заедно со бронзен нож и камен острач (Videski, 2007, 212-213.). Иглите со конусна глава се застапени во две варијанти: со задебелување што одговара на тип Б-1 според Kilian - Dilmeier и без задебелување (Kilian-Dilmeier, 1984, 66-68; Donder, 1999, 94-95). Последниот тип игли со дисковидна глава (#1) се познати од Вергина, во најраните субмикенски погребувања и тоа кај женските погребувања, најчесто наоѓани во пар (Andronikos, 1969, 234-236).

Покрај иглите, се среќаваат и белегзии, спирално навиени обетки (#13) и ѓердани направени од стаклени мониста (#9).

Спирално навиените обетки се честа појава кај женските погребувања во некрополите од групата Уланци. Карактеристични се за субмикенскиот период кога често биле изработувани од благородни материјали (злато и сребро), но најчесто се наоѓаат примероци изработени од бронзена жица (Bouzek,

1985, 170). Во некрополата Мали Дол се откриени неколку интересни примероци на ѓердани кои претставуваат составен дел од женскиот накит. Тие се изработени од стаклени мониста со сина боја (#9) и кружна форма или, пак, изведени во комбинација на неколку типа перли со различни димензии од жолто, бело или темно кафено стакло, килибар и коска (#35). Во некрополата во Ајани во повеќе погребувања биле откриени ѓердани од стаклени перли (Karamitrou-Mendessidi, 2000, 601).

## УТИЛИТАРНИ ПРЕДМЕТИ

Влијанието на егејското бронзено време е мошне јасно воочливо кај бронзените ножеви откриени во некрополата Мали Дол. Ножот со нитни (#4), според N.K. Sandars, претставува популарен тип на нож во егејскиот свет и се среќава низ целиот период на доцното бронзено време - LH (Sandars, 1955, 175). Датирањето на овој тип ножеви е во периодот меѓу XIII-XII век пр.н.е. Вакви примероци се среќаваат и во некрополата Феја Петра (Valla, 2007, 370, fig. 20; Kukuli-Hrisantaki,1992, 581-585, каде што го означува како тип I). Помалите ножиња (#17,30) претставуваат дел од тоалетен сет. Тие припаѓаат на типот Ia според класификацијата на Sandars, но се забележуваат нови елементи, како што е врежувањето две паралелни линии на горниот дел од сечилото и закривената рачка. Со тоа, оваа група ножеви ќе се одвои како локална варијанта на групата Уланци (Видески, 2006, 92).



Тоалетните сетови се составени од еден камен острач, бронзен нож и бронзена игла (пр. гроб 16, #16, 17,18; пр. гроб 28, #29,30,31), кои имале функција во одржувањето на хигиената на мажот. Вакви примероци среќаваме во речиси секој машки гроб во некрополите од групата Уланци, Димов Гроб и гробот 7 во Хиподром (Митревски, 1995, 74; Видески, 2006, 85-86, сл.39; Mitrevski, 2006, 89, Fig. 3). Нивната појава длабоко ќе се вкорени во материјалната култура на праисториските заедници населени на територијата по долината на реката Вардар. Тие ќе опстојат долг временски период и ќе станат важна карактеристика на машките погребувања низ железното време, каде што овие предмети најчесто се јавуваат во сет составен од камен острач, железен брич и пинцета (Митревски, 1997, 58-59). Камениот острач хронолошки не е осетлив предмет, но е застапен во голем број во доцно бронзенодопските хоризонти 14b и 14a во Кастанас (Kastanas 6, 1987, 53-55, Taf. 11, 6-9, Taf. 13, 5-10). Примероците од Мали Дол се направени од локален песочник со правоаголна или издолжена овална форма и перфорирани во горниот дел (#17,31).

## КЕРАМИКА

Керамичкиот репертоар откриен во некрополата Мали Дол е застапен со монохромна и мат сликана керамика.

Монохромната керамика откриена во некрополата укажува на унифицираност во фактурата и формите на садовите кои биле користени како гробни прилози. Како гробни дарови најчесто се користеле кантаросот, бокалот и чашата, кои воедно биле омилени и најчесто застапени керамички форми на доцно бронзенодопски локалитети по долината на реката Вардар (Кастанас, Асирос, Тумба Солун, Вардарски Рид, Кофилак Уланци, Орешани, Варвара, Долно Соње и др.). Кантаросот (#8) од гробот 9 по својата форма претставува типичен примерок, омилен прилог во некрополите од групата Уланци, кој одговара на периодот LHIIIC. Ваквите примероци во Кастанас за првпат се јавуват во слојот 16, околу 1300 год. пр.н.е. (Kastanas 3, 1984, Tafel 27,5; Schicht 16, 5), но најбројни се во слојот 14b кој се датира по 1190 год. пр.н.е. (Kastanas 3, 1984, Tafel 46, 4; Schicht 14b). Интересна е појавата на канелирање, како што е примерот со кантаросот од гробот 8 (#5). Канелирањето претставува една од основните карактеристики на керамиката откривана во изгорените и разурнати слоеви од преодниот период и раното железно време во Македонија. Како нов елемент во декорирањето на керамичките садови, канелирањето се поврзува со продорите на северните заедници во Долно Повардарие, и се јавува во слоевите LHIIIB2 и LHIII, односно околу 1200 год. пр.н.е. (Stefanovich, 1973, 149; Митревски, 1997, 60). Интересна е појавата на кантаросот со јазичести апликации и со зашилени врвови на рачките (#10), чијашто форма е типична за доцното хеладско време, но изработена во локален манир.

Бокалот (#11) и чашата (#12) од гробот 10, според формата, датираат од почетокот на XI век пр.н.е., а во Кастанас се среќаваат во слојот 10, околу 1000 год. пр.н.е. (Kastanas 3, 1984, Tafel 114, Schicht 10).

Интересна е појавата на нови форми во монохромната керамика кои имаат микенско потекло. Таков е алабастронот (#33) од гробот 29 кој доминира како гробен прилог во женските погребувања во некрополите од групата Уланци (Димов Гроб, Демир Капија и Долно Соње кај Скопје). Потеклото на оваа форма се наоѓа во доцната хеладска керамика, а подоцна прераснува во омилена керамичка форма по долината на Вардар, каде што се изработува во локален манир (Митревски, 1997, 54-55, сл.14; Видески, 64-65, сл. 23).

Специфична категорија на садови се амфорите со четири лентести држалки кои биле користени како гробни форми – урни, кои имаат северно потекло. На територијата на Република Македонија нивната појава е евидентна во некрополата Хиподром кај Скопје, во доцните бронзенодопски гробови откриени на локалитетот Скупи и на некрополата Брвеница кај Тетово во поново време. Формата е карактеристична за северните области кои припаѓаат на културната група Доња Брњица од средното и доцното бронзено

време. Во некрополата Мали Дол оваа форма се среќава во две варијанти. Тие имаат улога на урни на некрополите со спалени покојници, иако често се среќаваат и во населбинските слоеви од крајот на доцното бронзено време (Hansel, 1979, Abb. 14; Kastanas 3: Hochstetter, 1984, 351). Во основа, тоа е мошне експлоатирана форма, која во Македонија претставува одраз на негување на локалните бронзенодопски вредности, а во одредени региони ќе развие локални белези, особено во преодниот период и раното железно време.

Мат сликаната керамика е релативно слабо застапена, само со неколку примероци, меѓу кои, по својата сочуваност се издвојува кантаросот (#36) декориран со мотив на паралелни цик-цак линии на стомакот и коси линии на отворот на садот и рачките. Овој тип на кантароси е еден од омилените садови како по формата, така и по декорацијата, на локалитетите од групата Уланци (Митревски, 1997, 49-50, сл. 12; Mitrevski, 2006, 87-88, Fig. 2; Видески, 2006, 67-69, сл. 25; Видески, 2006а, 65, сл. 2), но и на некрополите во Албанија и по долината на Халијакмон.

Сите културни карактеристики, гробните форми и ритуалот на погребувањето заедно со гробните прилози, поткрепени и со антрополошките анализи на погребувањата од постарата фаза на некрополата Мали Дол, укажуваат на припадност на групата Уланци. Овие погребувања се сведоштво за егзистенцијата на една заедница на самиот крај на бронзеното време, односно на крајот на групата Уланци. Од друга страна, појавата на погребувања во урни зборува за присуство на една нова заедница која доаѓа од север со сосема нови и дотогаш непознати социјални и културни белези. Ритуалот на погребување со кремација во урни е карактеристичен за северните заедници и за групата Доња Брњица, чии носители го означуваат крајот на бронзеното време и почетокот на раното железно време во Македонија. Погребувањата во урни од помладата фаза на некрополата Мали Дол засега претставуваат најјужна манифестација на оваа културна група.

Генералната слика која ја имаме за крајот на бронзеното време XII век пр.н.е., кога доцните бронзенодопски заедници по долината на реката Вардар често биле цел на напади во текот на миграциските движења од север кон југ кои со себе донеле елементи на Халштатската култура од Северен и Централен Балкан, е надополнета со сознанијата кои ги добивме од некрополата Мали Дол. Тие елементи се претставени преку обичајот на погребување во урни, но и со новините во материјалната култура, како што е канелираната керамика. Досегашните податоци за овие движења и миграции беа поткрепени и евидентирани преку рушевинските слоеви во населбите по долината на реката Вардар (Манастир, Вардарски Рид, Кастанас и др.). Тоа што некрополата Мали Дол го дава како посебен придонес во формирањето на генералната слика за случувањата во преодниот период во Повардарието е појавата на биритуалност во погребувањето. Прекинот на практикување на ритуалот на погребување со

згрчена инхумација во некрополата Мали Дол и појавата на нов ритуал на погребување во урни е сведоштво за овие културни и општествени превирања. Но, краткото опстојување на кремацијата како гробен ритуал, и нивното присуство на веќе постоечката некропола од доцното бронзено време, зборува за краткротрајното егзистирање на оваа заедница дојдена од север со своите локални карактеристики. Најверојатно, населението кое дошло од север со своите различни и посебни изразувања во културната и општествената сфера, не поминало само во пљачкашки и разурнувачки поход, како што тоа било случај во претходно споменатите населби од ова време, туку напротив, некои од нив останале и се интегрирале со локалното население. Овие податоци се потврдуваат и со новооткриената некропола Брвеница кај Тетово (Abazi – Tolevski, 2018, 107-113).
Сите преодни периоди се резултат на крупни социјални, економски и културни промени кои се манифестираат со чести промени во материјалната култура, па дури и во сферата на погребувањето. Последица на тоа е речиси истовремената употреба на двата основни ритуала на погребување, што зборува за нестабилност во сферата на погребувањето, поточно мешање на разни култури коишто се многу логични ако ги земеме предвид околностите во ова време на овој простор на Балканот. Истовременото присуство на двата ритуала на погребување на локалитетот Мали Дол во селото Тремник укажува на фактот дека овие дојденци на некој начин се инкорпорирале во животот на локалното население, па дури и ги употребувале нивните некрополи, што укажува дека извесно време продолжиле со заеднички живот, што се потврдува со гробовите со пружена инхумација.



## СРЕДНОВЕКОВНА НЕКРОПОЛА МАЛИ ДОЛ



За време на истражувањата на локалитетот  Мали Дол во периодот помеѓу 2009 и 2015 година, се откриени вкупно 15 гробови коишто се датираат во средниот век. На некрополата се застапени два вида на гробни конструкции: големи камени цисти и обични јами (план 1,3). Гробните конструкции покажуваат внимателно организирано погребување во рамките на некрополата со масивни камени конструкции – цисти, кои со својата големина значително се разликуваат од праисториските камени конструкции – цисти. Гробовите се направени од монолитни камени плочи кои наликуваат на добро формирани саркофази (сл. 20). Степенот на истраженост не дава повеќе податоци за организацијата на оваа некропола, освен дека се работи за рамна некропола во која гробовите биле организирани во редови. Не можеме со сигурност да утврдиме ниту некаква социјална поделеност на населението кое се погребувало во оваа некропола, но, сепак, се насетуваат одредени социјални диференцијации преку начинот на погребување и откриениот археолошки материјал, односно гробните прилози во нив. Па така, кај погребувањата во камени конструкции - цисти го откриваме личниот накит на покојниците како гробен прилог, за разлика од погребувањата во јами каде гробните прилози сосема отсуствуваат. Оттука можеме да заклучиме дека посиромашното население се погребувало во јами, кои според досегашните сознанија се наоѓаат на посебен простор во рамките на некрополата, односно не се мешаат со побогатото население кое се погребувало во големите камени цисти. Она што е заедничко кај сите гробови без оглед на конструкцијата е ритуалот на погребување со инхумирање на покојникот поставен во пружена положба и рацете ставени на стомакот. Отсуството на покојници погребани со испружени раце, како и присуството на повеќе прстени на еден скелет, како што е случајот кај покојникот во гробот 13 (сл. 21), се одлики кои се јавуваат нешто подоцна од X век. Поради тоа, според сегашните сознанија, откриените средновековни гробови може да ги датираме во периодот  XI – XII век, со отворена претпоставка дека



сл. 20



сл. 21

постоеле и постари погребувања. Отсуството на пагански обичаи при погребувањето, карактерот на гробните прилози и поставеноста на гробовите, зборуваат за христијанизирано население.

Македонското средновековие најсуштински е обележано со христијанството. Христијаните преку накитот општеле со Бога, изразувајќи ја почитта или восхитот или, пак, барале заштита. Христијанската суштина на украсувањето и предаденоста на верата се гледа преку прикажувањето на одделни обележја на евангелистите, особено на накитот (прстените). Претставата на светци и архангели на прстените, пак, се поврзува со зајакнувањето на христијанството во периодот XI – XII век.

## ГРОБНИ ФОРМИ

Средновековните погребувања од вториот хоризонт на погребувања во некрополата Мали Дол се претставени преку две гробни форми: првата се камени конструкции - цисти направени од поголеми камени плочи и едноставни елипсовидни јами вкопани во жолтата здравица.

Гробовите од типот на конструкции - цисти се направени од големи монолитни камени плочи, најчесто поплочени на дното со тенки камени плочи и покриени со една масивна и монолитна камена плоча, а поретко покриени со помали камени плочи или, пак, со два реда плочи. Во изработката на гробните конструкции честопати биле користени мермерни сполии, како во случајот на гробот 21 каде што бил употребен мермерен надвратник којшто најверојатно потекнува од локалитетот Градиште во с.Тремник, кој се наоѓа во непосредна близина на некрополата. Некои од гробовите биле маркирани со вертикални камења (гроб 13 и 7) (сл. 21, 22), поставувани странично над главата на покојникот. Понекогаш под главата на покојникот била поставувана помала камена плоча за потпирање на главата, а која претставува перница.



сл. 22

## РИТУАЛ НА ПОГРЕБУВАЊЕ

Ритуалот на погребување е пружена инхумација, со ориентација на покојниците исток – запад. Покојниците биле положувани директно на дното на гробната комора, со главата благо свртена најчесто на десната страна, а телото во испружена положба. Рацете се поставени на стомакот, но никогаш не се испружени покрај телото (сл. 22). Честопати, една гробна конструкција била употребена за повеќе

погребувања, што е случај речиси со сите откриени гробови во некрополата. Така, кај повеќекратните погребувања, остатоците од примарните погребувања се собирале покрај нозете на покојникот од последното погребување. Интересна е појавата на двојни погребувања, во кои истовремено се погребани двајца покојници, како што е случајот со детскиот гроб 32 (сл.23). Карактеристично е дека кај побогатите гробови (како што е гробот 13 – сл.19), телото на покојникот било поставено на подлога од камени плочи, а во некои гробови е откриена т.н. „перница" од камен.



сл. 23

**ГРОБНИ ПРИЛОЗИ**

Во средновековната некропола само во шест погребувања се пронајдени гробни прилози. Вообичаено тоа се женски погребувања, сите положени во камени конструкции - цисти во кои има повеќе покојници. Само во еден машки гроб е откриен гробен прилог. Прилозите во гробовите главно се дел од личните предмети на покојничките кои го детерминираат нивниот општествен и личен, односно фамилијарен статус. Се работи за предмети од типот накит, како прстени, обетки, ѓердани од стаклена паста и сребрени и бронзени копчиња.

**ПРСТЕНИ**

Следејќи ја историјата на накитот, прстенот се појавува како најважен украс на рацете. Така, и во средниот век токму прстените се едни од најчесто приложуваните лични предмети во гробовите. Најчесто прстените се носат по еден на едната или, пак, на двете раце по еден, па с до примери каде што се среќаваат и по десет прстени на една рака. Нив ги носеле и жените и мажите, а поретко и децата, од речиси сите социјални слоеви, во селските и во градските средини.

Зависно од обликот, големината и декорацијата, прстените имале различни својства –украсни, магиски, симболични или, пак, статусни, покажувајќи го статусот на носителот во општеството, потоа функционални, религиозни, а понекогаш прстените имале дури и профилактички својства. Брачната симболика на прстените е присутна сè до денес. Понекогаш прстените се носеле и како додатоци на косата или марамата.

Во текот на двете кампањи, во 2009 и 2011 година, откриени се вкупно 8 бронзени средновековни прстени, поделени во три групи: целосно лиени прстени со рамна глава, лентести прстени со отворени краеви и прстени со вметната стаклена паста.

Првата група на прстени водат потекло од доцноримските и рановизантиските облици (кај последните најчесто станува збор за венчални прстени), кои се продуцираат речиси неизменети, во подолг временски период, од IX до XV век. Интересен е примерокот на прстен со претстава на хералдички орел со раширени крилја, шематизиран, со триаголен опаш, тело украсено со пунктирани точки, глава свртена надесно (#22). Во византискиот период оваа претстава ќе стане еден од основните симболи на императорската власт, а во христијанството станува симбол на Христос, како и на апостолот Јован. Сите прстени од овој тип се датираат во поширока временска рамка од X до XII век. Во оваа група спаѓа и прстенот со кружна глава, со претстава на птица (идентификуван како гулаб, кокошка или пајка, #14), и според аналогиите, повеќето прстени од овој тип се датираат во периодот X – XI век, со сигурни индикации за постоење на мотивот и во XII век. Аналогиите укажуваат дека птицата во клунот веројатно држи гранче.
Втората група на лентести прстени со отворени краеви претставува една од најчестите и најевтините форми на накит во средниот век. Многу ретко се изработувани во поскап материјал или, пак, се прецизно украсени. Овој тип на накит се среќава во периодот X – XIII век, со најголема концентрација во XII век. Прстенот со натпис K(YPI)E <B>OHΘH ANA (#15) претставува молитва (инвокација) – „Господи помогни на недостојниот/оној што го чита“ и се среќава на широка територија на Византиската империја, датиран кон крајот на X и почетокот на XI век, додека веќе од XII век ваквиот тип прстени не се во употреба.
Третата група на прстени со вметната стаклена паста претставуваат директна инспирација од римскиот накит. Прстените со вметната сина стаклена паста се јавуваат во широк временски дијапазон, а најчесто се среќаваат во периодот помеѓу X и XI век.

**ОБЕТКИ**

Помеѓу средновековниот накит обетките се издвојуваат како една значајна категорија која во некрополата Мали Дол е застапена преку две групи: обетки со 4 јаготки (#20) и обетки со завиени краеви во вид на петелка (#3).
Во првата група на обетки со 4 јаготки спаѓа примерокот направен од кружна бронзена алка на која симетрично се поставени две помали, перфорирани топчести јаготки и две поголеми (една недостига), поврзани со спирално цевче на средината. Поради големите сличности во начинот на изработка, овој тип на обетки често се третира како подвид на гроздоликите (белобрдски) обетки коишто се најбројни во далматинско-хрватската културна група, како и на подрачјето на Велика Моравија. Нивното датирање е кон крајот на IX– XII век.
Втората група на обетки со завиени краеви во вид на петелка, претставува прост и евтин облик на накит,

изработен од едноставна и тенка жица која е врзана на краевите. Поради лесниот начин на изработка, оваа група на обетки се јавува во широк временски интервал, мошне рано, уште во VIII век, но нејзината употреба може да се следи и до доцниот среден век.

**КОПЧИЊА**

Две калотести копчиња, перфорирани во горниот дел, составени од две сфери (#24). Овој вид на копчиња е најчестиот тип во средниот век и е несоодветен за датирање.



## АНТРОПОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД НЕКРОПОЛИТЕ НА МАЛИ ДОЛ

**Праисториска скелетна група** откриена 2009-2011 година ја сочинуваат 30 индивидуални скелети (15 инхумирани и 5 кремирани). Три скелети се во групата на деца и млади (0-21 година). Кај возрасните пол е одреден само кај 6 скелети (3 мажи и 3 жени).

Поради нереално малиот број на деца просечниот животен век е многу висок (38.8 години). Мажите живееле просечно 48 години, жените три години помалку.

Населението било со просечно кратки (брахикрани) черепи, со што покажува сличност со населението од локалитетите Димов Гроб-Уланци и Чашка-Велес.

Во палеопатолошкиот профил се среќаваат ретки скршеници(фрактури) на коски, анемија, спондилоза на рбетот и проблеми со забите (кариес, забни цисти, екстрахирани заби).

Вкупно 29 скелети се со **средновековна хронолошка припадност**: 12 помали деца (од 6 месеци до 6 години), 2 повозрасни деца (7-14 години), 1 јувенил (15-21 година). Кај возрасните 8 припаѓаат на машкиот пол, 6 на женскиот пол.

Поради извонредно високата смртност на децата (48% од групата) просечниот животен век е многу низок (26.2 години). Мажите имале висок просечен век (52 години), а жените цели десет години помалку.

Групата е со просечно средно долги черепи (мезокрани), но нагласено хетерогена. Телесната височина кај мажите била просечно средно висока (167.8 см), кај жените висока (162.5 см). Населението се вклопува во средновековното население од Средно и Долно Повардарие.

Во групата се откриени бројни трауматски повреди: скршеници (фрактури) на коските на подлактот, пршлени, ребра, коски на стапала и дланки. Забележани се коскени тумори (остеоми на череп и фибула, егзостоза на карлица), прекубројни лумбални ребра, анемија и секако дентално-патолошки промени (кариозни, и екстрахирани заби, парадентоза), спондилоза и артритис кај повозрасните.

**СРЕДНОВЕКОВЕН СКЕЛЕТ БР.35**

Маж, стар 55-60 години

Коските на десната нога се комплетно атрофирани. Послабото користење на десната нога можело да биде предизвикано од парализа (параплегија), или исчашување (луксација) на колк. Точната причина не може да се утврди поради слабата сочуваност на карлицата.

Освен оваа повреда, на скелетот се откриени и веројатно исчашување (луксација) на десното рамо, скршеници (фрактури) на подлактот и дланката.

## КАТАЛОГ

**1. ПАР ИГЛИ**
Доцно бронзено време (XIII - XII век пр. н.е.)
бронза
должина 21 cm и 13,3 cm.
гроб 1
Музеј на град Неготино, инв. бр. ОУМГН А 1302, 1303
Игли со дисковидна глава, под главата има големо валчесто задебелување и под него едно помало биконусно задебелување. Тип А 4 според типологијата на Imma Kilian Dirlmeier.
А.П./А.Ч.
Видески, 2006, 75-76, сл. 29, 30 T.XXXII.1-2; T.XLII.1-2; T.LVI.2.
Kilian, 1975, 81-82, Taf. 43, 1-13.



**2. ЃЕРДАН**
Доцно бронзено време (XIII - XII век пр. н.е.)
бронза и килибар
должина на висулците 3 cm.
гроб 2
Музеј на град Неготино, инв. бр. ОУМГН А 1302
Ѓердан направен од 8 висулци со копјевидна форма, кои на горниот дел имаат алки за закачување. Висулците се поврзани со четири фрагменти салталеони направени од тенка бронзена жица и една перла од килибар со полигонална форма и перфорирана во средината.
А.П./А.Ч.



**3. ПАР ОБЕТКИ**
Средновизантиски период (X-XII век)
сребро
дијаметар 2,5 cm; должина 4 cm.
гроб 5
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 397
Обетка од кружна алка на која симетрично се поставени две помали, перфорирани топчести јаготки и две поголеми (недостигаат), поврзани со тордирано цевче на средината.
Имитација на полуксузни примероци.
Д.Ѓ.
Papanikola-Bakirtzi, 2002, Nr. 566.



**4. НОЖ**
Доцно бронзено време (XIII-XII век пр. н.е.)
бронза
должина 21,2 cm; ширина 1,5 cm.
гроб 8
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 400
Нож со едно сечило и пластично ребро на горната страна; направен од бронза, а рачката најверојатно била направена од коска или дрво. Сочувани се 9 нитни со кои била прицврстена оплатата. Овој тип на ножеви е класифициран како Sandars тип I.



А.П./А.Ч.
Valla, 2007, 370, fig. 20 - на некрополата Феја Петра.
Koukouli-Hrisantaki, 1992, 581-585.

**5. КАНТАРОС**
Доцно бронзено време (крај на XII – XI век пр. н.е.)
глина
висина 7,5 cm / со рачки 10,5 cm; пречник на устие 8,3 cm.
гроб 8
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 399
Кантарос со рамен раб на устието, висок цилиндричен врат, топчесто тело и рамно дно; со две вертикално поставени рачки на работ на устието, кои завршуваат на средишниот дел на стомакот, со неправилен триаголен пресек. Рачно направен од недоволно прочистена глина, со примеси на мика и песок. Сиво печење со траги од горење и механички мазнета површина. Декорацијата е изведена со длабоки коси канелури на најширокиот дел на стомакот на садот.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, Schicht 12, Tafel 82:7; Schicht 11(12), Tafel 112:3; Schicht 10(11), Tafel 129:1.



**6. НОЖ**
Преоден период (XI век пр. н.е.)
бронза
должина 7,9 cm; ширина 1,2 cm.
гроб 9
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 402
Краток нож со едно сечило. На делот каде стои рачката има три перфорации за нитни. Направен од бронза.
А.П./А.Ч.



**7. КРУЖНА ПЛОЧА**
Преоден период (XI-X век пр. н.е.)
бронза
дијаметар 6,7 cm
гроб 9
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 403
Плоча со кружна форма, направена од бронза и перфорирана во средишниот дел.
А.П./А.Ч.



**8. КАНТАРОС**
Доцно бронзено време (крај на XII – почеток на XI век пр. н.е.)
глина
висина 6 cm / со рачки 8,7 cm; пречник на устие 8,1 cm.
гроб 9
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 401
Кантарос со рамен раб на устието, топчесто тело и заоблено дно; со две вертикално поставени рачки на работ на устието, кои завршуваат на средишниот дел на стомакот, со неправилен триаголен пресек и зашилени во горниот дел. Рачно направен од прочистена глина, со



примеси на мика и ситен песок. Црвено печење со траги од горење и мазнета површина. Нема декорација.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3,  1984, Schicht 13, Tafel 70:6, Tafel 71:1.

**9. ЃЕРДАН**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
стаклена паста
дијаметар 1,3 cm до 1,6 cm.
гроб 10
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 404
Ѓердан од 42 мониста од стаклена паста со сина боја. Монистата имаат кружна форма.
А.П./А.Ч.



**10. КАНТАРОС**
Доцно бронзено време (XII-XI век пр. н.е.)
керамика
висина 7,2 cm / со рачки 8,5 cm; пречник на устие 12,8 cm.
гроб 10
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 407
Кантарос со рамен раб на устието, низок врат, полусферично тело и рамно дно; со две вертикално поставени рачки на работ на устието, кои завршуваат на средишниот дел на стомакот, со елипсовиден пресек. Рачно направен од прочистена глина, со примеси на мика и ситен песок. Црвено печење со траги од горење и мазнета површина. На средишниот дел од садот од двете страни има по една брадавичеста апликација.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, Schicht 14b, Tafel 39:10, малку позатворена форма на кантарос со иста декорација; Schicht 14b, Tafel 45:3 иста форма; Schicht 10, Tafel 122:5.



**11. БОКАЛ**
Доцно бронзено време (XII-XI век пр. н.е.)
керамика
висина 9 cm / со рачки 11 cm; пречник на устие 8,6 cm.
гроб 10
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 405
Бокал со рамен раб на устието и мал засек на задниот дел од вратот, крушковидно тело и рамно дно; со една вертикално поставена рачка на работ на устието, која завршува на средишниот дел на стомакот, со елипсовиден пресек. Рачно направен од недоволно прочистена глина, со примеси на мика и ситен песок. Црвено печење со траги од горење и мазнета површина. Нема декорација.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, 53, Abb.12 - Typ 5, Schicht 18-2 / широка распространетост на формата.



**12. ЧАША**
Доцно бронзено време (крај на XII-XI век пр. н.е.)
керамика
висина 5,3 cm / со рачки 6,8 cm; пречник на устие 12,2 cm
гроб 10
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 408
Чаша со рамен раб на устието, конкавно тело и рамно дно; со една вертикално поставена рачка на работ од устието, која завршува на дното на садот, со елипсовиден пресек, зашилена во горниот дел. Рачно направена од недоволно прочистена глина, со примеси на мика и ситен песок. Црвено печење со траги од горење. Нема декорација.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, Schicht 13, Tafel 71:1; Schicht 10, Tafel 119:3.



**13. ОБЕТКИ**
Доцно бронзено време (крај на XII век пр. н.е.)
бронза
дијаметар 2,2 cm и 2,8 cm.
гроб 11
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 409
Пар обетки направени од бронзена жица спирално навиени, едната со два, а другата со три навои.
А.П./А.Ч.
Видески, 2006, 81, T.X.1; T.XXIII.1; T.XXXII.7; XXXIX.2; T.XLI.2; XLVII.5; T.LVI.1; T.LVII.3; T.LXXIV.9; T.LXIX.2; T.LXX.3 и T.LXX.2.





**14. ПРСТЕН**
Средновизантиски период (X-XII век)
бронза
дијаметар на глава 2 cm; ширина 1,7 cm.
Гроб 13
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 410
Прстен целосно лиен, со овална глава на која има врежано птица (се идентификува како гулаб, кокошка или пајка). Над крилјата се распознава развеано знаменце или лента. Иако на нашиот примерок не се гледа, аналогиите укажуваат дека во клунот веројатно држи гранче.
Д.Ѓ.
Григоров, 2007, 56-57.
Bosselmann-Ruickbie, 118.



**15. ПРСТЕН**
Средновизантиски период (X-XI век)
бронза
дијаметар на глава 2 cm; ширина 1,7 cm.
Гроб 13
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 398
Лентест прстен лиен целосно, со отворени краеви и рамна кружна глава со натпис K(YPI)E <B>ОНΘН ANA / Господи помогни на „недостојниот – ἀναξιος“/„оној што чита – ἀναγινωσκων“
Д.Ѓ.
Yangaki, 2013.





**16. ИГЛА**
Доцно бронзено време (втора половина на XII век пр. н.е.)
бронза
должина 10 cm.
гроб 16
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 413
Игла со завиена глава, направена од бронзена жица.
А.П./А.Ч.



**17. НОЖ**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
бронза
должина 11,2 cm.
гроб 16
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 412
Нож со едно сечило, закривен на горниот дел со едно пластично ребро, без отвор за нитна на рачката.
А.П./А.Ч.
Митревски, 1997, 58, сл.17.
Видески, 2006, 90, T.XVI.1; T.LVIII.2; T.LXIV.



**18. ОСТРАЧ**
Доцно бронзено време (XIII-XII век пр. н.е.)
камен
должина 4,5 cm; ширина 1 cm.
гроб 16
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 411
Острач направен од камен со издолжена правоаголна форма, со елипсовиден пресек. Од едната страна е продупчен за прикачување, а од другата недостасува дел.
А.П./А.Ч.
Митревски, 1997, 58, сл. 17.
Видески, 2006, 90, T.XXIV.2; T.XXXV.3; T.LVIII.3; T.LXIV; T.LXXV.



**19. ПРСТЕН**
Средновизантиски период (X-XII век)
Бронза, стаклена перла
дијаметар на глава 2 cm; ширина 1,5 cm.
Гроб 21
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 359
Прстен со гнездо (касета) во кое има поставено сина стаклена паста, со алка од лентеста ламарина.
Д.Ѓ.
Манева, 1992, T 82.
Григоров, 2007, 62.
Bikić, 2010, sl. 80.
Bosselmann-Ruickbie, 123-125.



**20. ПАР ОБЕТКИ**
Средновизантиски период (X-XII век)
бронза
должина 4 cm; дијаметар 3 cm.
Гроб 22
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 361
Обетка од кружна алка на која симетрично се поставени две помали перфорирани топчести јаготки и една поголема, поврзана преку цилиндрично цевче со алката. Од горната страна на цевчето можеби постоела уште една јаготка.
Д.Ѓ.



**21. ПРСТЕН**
Средновизантиски период (X-XI век)
бронза
дијаметар на глава 2,2 cm; ширина 1,8 cm.
Гроб 22А
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 364
Прстен лиен целосно, со овална глава на која има врежан пентаграм.
Д.Ѓ.
Манева, 1992, 89.
Григоров, 2007, 54.
Bikić, 2010, 118.
Bosselmann-Ruickbie, 2011, 118.



**22. ПРСТЕНИ**
Средновизантиски период (X-XII век)
бронза
дијаметар на глава 2,2 cm; ширина 1,7 cm.
дијаметар на глава 2 cm; ширина 1,8 cm.
дијаметар на глава 2,2 cm; ширина 1,6 cm.
Гроб 22А, 22В, 22В
Археолошки музеј на Македонија, АММ 362, 367, 368
Прстени лиени целосно, со овална глава на која има врежано орел со раширени крилја, шематизиран, со триаголен опаш, телото е украсено со пунктирани точки, главата свртена надесно.
Д.Ѓ.
Манева, 1992, Т 86: 93/19; 25/1.
Григоров, 2007, 55-56.
Bikić, 2010, sl.61.7.
Bosselmann-Ruickbie, 118.



**23. ГУШНИК**
Средновизантиски период (X-XIII век)?
Стаклени мониста
дијаметар 1 cm; должина 1,8 cm.
Гроб 22А
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 366
Гушник од разнообразни, поситни и покрупни мониста.
Д.Ѓ.
Манева, 1992, Т 33-35.
Petrinec, 2009, 136-141.



**24. КОПЧИЊА**
Средновизантиски период (X-XIII век)?
бронза
дијаметар 1 cm; должина 1,8 cm.
Гроб 24
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 369, 370
Две калотести копчиња, перфорирани во горниот дел, составени од две сфери.
Д.Ѓ.
Манева, 1992, Т 99.
Petrinec, 2009, 141.
Bikić, 2010, 113-114.



**25. УРНА – АМФОРОВИДЕН САД**
Преоден период (крај на XII-X век пр. н.е.)
глина
висина 34 cm; дијаметар на устието 11.5 cm.
гроб 26
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 383
Амфоровиден сад со извлечен и задебелен раб на устието, висок конкавен врат, крушковидно тело и нагласено рамно дно; со четири вертикални рачки со елипсовиден пресек, поставени на најширокиот дел на стомакот. Меѓу рачките има брадавичести апликации. Рачно направен од непрочистена глина со примеси на песок и мика. Црвено печење со траги од горење. Нема декорација.
Садот бил употребен како урна за гробот 26.
А.П./А.Ч.
Luci, 2007, 352, Fig.11; Kastanas 3, 1984, 45, Abb.10 - Typ 3b, Schicht 12-9.



**26. КАПАК ЗА УРНА - КАНТАРОС**
Преоден период (XI-X век пр. н.е.)
керамика
висина 10,8 cm / со рачки 13,6 cm; пречник на устие 25 cm.
гроб 26
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 380
Кантаровиден сад со широк отвор и рамен раб на устието, полусферично тело и заоблено дно; со две вертикално поставени лентести рачки на работ на устието, кои завршуваат на средишниот дел на стомакот, со елипсовиден пресек. Рачно направен од недоволно прочистена глина со примеси на мика и песок. Црвено печење со траги од силно горење и механички мазнета површина. Нема декорација.
Садот бил употребен како капак за урна во гробот 26.
А.П./А.Ч.
Митревски, 1995, 78, Т.I.1 (гроб 1).



**27. КАПАК ЗА УРНА - КАНТАРОС**
Доцно бронзено време (XI-X век пр. н.е.)
керамика
висина 8,3 cm / со рачка 13.7 cm; пречник на устие 18 cm.
гроб 27
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 373

Кантаровиден сад со широк отвор и рамен раб на устието, биконусно тело и заоблено дно; со две вертикално поставени лентести рачки на работ на устието и завршуваат на биконусниот дел на стомакот, а на горниот крај завршуваат со пластични зашилени апликации. Рачно направен од недоволно прочистена глина со примеси на мика и песок. Црвено печење со траги од горење и механички мазнета површина. Нема декорација.
Садот бил употребен како капак за урна во гробот 27.
А.П./А.Ч.
Luci, 2007, 352, Fig. 12.



**28. УРНА – АМФОРОВИДЕН САД**
Доцно бронзено време (XI-X век пр. н.е.)
керамика
висина 37 cm; пречник на устие 15.5 cm.
гроб 27
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 382
Амфоровиден сад со косо извлечен раб на устието, висок конкавен врат, нагласен со хоризонтален жлеб, топчесто тело и нагласено рамно дно; со четири вертикално поставени рачки со елипсовиден пресек, поставени на најширокиот дел на стомакот. Рачно направен од недоволно прочистена глина со примеси на песок и мика. Црвено печење со траги од горење и мазнета површина.
Садот бил употребен како урна за гробот 27.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, 43, Abb.9 - Typ 3e2 Schicht 18-12/ Tafel 142:6, Schicht 9.
Stojić, 2000, kat. br. 1, 28.
Heurtley, 1927, 46, Fig. 6, b.IX.24 (одговараат на фазата 1c -1100-1000 г. пр. н.е.
Wardle, 1977, Fig. 17:46 (околу 900 год. пр. н.е.)
Митревски, 1995, 78, Т.I-3,4 (гробови 2 и 3).



**29. ИГЛА**
Доцно бронзено време (XII век пр.н.е.)
бронза
должина 12,8 cm.
гроб 28
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 371
Игла направена од бронза со плочеста глава, едно биконично задебелување под главата, и четири прстенести задебелувања под него, каде што е продупчена иглата. Таа во долниот дел е закривена.
А.П./А.Ч.
Видески, 2006, Т.LXIV.



**30. НОЖ**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
бронза
должина 16,3 cm.
гроб 28
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 375
Нож со едно сечиво, на горниот дел еден длабок хоризонтален жлеб, без



отвор за нитна на рачката.
А.П./А.Ч.
Valla, 2003, 370, fig. 20 - на некрополата Феа Петра.
Kukuli-Hrisantaki 1992, 581-585, каде го означува како тип I.

**31. ОСТРАЧ**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
камен
должина 12,2 cm; ширина 1,5 cm.
гроб 28
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 372
Камен острач со издолжена правоаголна форма, на едниот крај продупчен, а врвот е плоснат.
А.П./А.Ч.
Митревски, 1997, 58, сл. 17.
Видески, 2006, T.XXVI.3; T.LXI.2; T.LXV.2.



**32. ПАР ИГЛИ**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
бронза
должина 15,5 cm / 15 cm.
гроб 29
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 377
Игла со купаста глава, декорирана со врежување на линеарни мотиви на цик-цак линија во три зони.
А.П./А.Ч.



**33. АЛАБАСТРОН**
Доцно бронзено време (втора половина на XII-XI век пр. н.е.)
керамика
висина 12 см; дијаметар на устие 7,5 см.
гроб 29
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 376
Алабастрон со извлечен раб на устието, висок ненагласен цилиндричен врат, топчесто тело поставено на висока нога со кружна база. На најширокиот дел на стомакот поставени се три продупчени јазичести држалки. Рачно направен од недоволно прочистена глина со мика и песок. Црвено печење со траги од горење.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, Schicht 14b, Tafel 48:1.
Митревски, 1997, 55, сл. 14: 3, 4, 6.



**34. ИГЛА**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
бронза
должина 10,6 cm.
гроб 30
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 378
Игла со плочеста глава и со едно биконусно задебелување под главата.
А.П./А.Ч.



**35. ЃЕРДАН**
Доцно бронзено време (XII век пр. н.е.)
стаклена паста, бронза, коска, килибар
дијаметар на перла: седеф 0,4-0,7 cm; м. стаклена паста 0,6 cm; г. стаклена паста 2,1 cm; бронза 0,4 cm; должина на килибарна перла 1,7 cm.
гроб 30
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 379
Ѓердан направен од 37 кружни плоснати перли од коска, 4 перли со кружна форма направени од стаклена паста со бела боја, една килибарна перла со издолжена вретенеста форма, три бронзени перли (споени - салталеон) и една кружна перла со четири кружни задебелувања како краци направена од стаклена паста со бела боја.
А.П./А.Ч.
Видески, 2006, 78, сл. 32.



**36. КАНТАРОС**
Доцно бронзено време (XIII - XII век пр. н.е.)
керамика
висина 8,5 cm; пречник на устие 11,7cm.
вонгробен наод
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 381
Кантарос со извлечен раб на устието, полусферично тело и рамно дно, со две вертикално поставени лентести рачки, кои го надвишуваат работ на устието и завршуваат зашилено во горниот дел. Направен од прочистена глина, црвено печење со мазнета површина. Линеарните мотиви се изведени со црвена мат боја -: мотив на цик-цак линии (сноп од четири паралелни линии) на стомакот и коси паралелни линии на устието од внатрешната страна и околу рачката на горната страна. Рачките се продупчени на коренот каде се спојуваат со устието.
А.П./А.Ч.
Kastanas 3, 1984, Schicht 14b: Tafel 261:13, Tafel 281, fig. 2.
Видески, 2006, T.XLVI.1; T.LXXV.



**37. ЧАША**
Преоден период (крај на XII-X век пр. н.е.)
керамика
висина 21 cm; пречник на устие 19,5 cm.
вонгробен наод
Археолошки музеј на Македонија, инв. бр. АММ 374
Чаша со рамен раб на устието, полуконично тело и рамно дно; со една вертикално поставена рачка со елипсовиден пресек, со зашилен крај и го надвишува работ на устието. Направен од непрочистена глина, црвено печење со траги од горење и со мазнета површина. Декорацијата е изведена со пластично ребро на средишниот дел на стомакот декорирано со втиснување со прсти и втиснувања со прсти на работ на устието.

А.П./А.Ч.

Kastanas 3, 1984, Schicht 12, Tafel 78:6; Schicht 7-8, Tafel 188:5.



## БИБЛИОГРАФИЈА


**Abazi Lj. – Tolevski I., 2018** „Tumba“ Brvenica Necropolis: a Contribution to the Bronze Age in Polog, Giving Gifts to God, Second International Simposium – Kokino, Kumanovo 2018, 103-117.

**Andronikos M., 1969** Vergina, Athens 1969

**Bikić V., 2010** Vizantiski nakit u Srbiji. Modeli i nasleđe, Beograd 2010

**Bosselmann-Ruickbie A., 2011** Byzantinischer Schmuck des 9. bis frühen 13. Jahrhunderts: Untersuchungen zum metallenen dekorativen Körperschmuck der mittelbyzantinischen Zeit anhand datierter Funde, Weisbaden 2011

**Bouzek J., 1985** The Aegeum, Anatolia and Europe, Praha 1985

**Donder H., 1999** Pin-Types of the Late Helladic ant the Early Iron Age in North and Central Greece, Periferia tou Mikenaikou Kosmos, A Diethnes Deipistimoniki Simposio, Lamia 25-29 Sep. 1994 (1999)

**Григоров В., 2007** Метални накити от средновековна България, София 2007

**Yangaki A., 2013** A Byzantine ring from ancient Messene bearing the inscription "K(YPI)E <B>OHΘH ANA": A contribution to a group of rings with the same inscription, in E. P. Sioumpara, K. Psaroudakis (eds.), ΘΕΜΕΛΙΟΝ 24, Athens 2013.

**Hänsel B., 1979** Ergebnisse der grabungen bei Kastanas in Zentralmakedonien 1975/1978, Jahrbuch RGZM 26, Mainz 1982

**Heurtley W.A., 1927** Early Iron Age Pottery from Macedonia, The Antiquaries Journal Vol. VIII, Oxford 1927, 44-59.

**Kastanas 3** Hochstetter A., Die handgemachte keramik, PAS Band 3, Berlin 1984

**Kastanas 6** Hochstetter A., Die Kleinfunde, PAS Band 6, Berlin 1987

**Kilian K., 1975** Trachzubehor der Eisenzeit zwischen Agais und Adria, Pr.Z. 50, Berlin 1984

**Kilian-Dilmeier I., 1984** Nadeln der fruhhelladischen bis archaishen Zeit von der Peloponnes, PBF XIII/8, 1984.

**Korkuti M., 1981** Le tumulus de Patos, Iliria I, Tirana 1981, 50-57.

**Kukuli-Hrisantaki H., 1992** Protoistoriki Thasos, Athina 1992

**Kurtz D.C.-Bordman J., 1971** Greece Burial Customs, London 1971

**Luci K., 2007** Dating the Donja Brnjica based on Metal Finds, The Struma/Strymon river Valley in Prehistory - Strymon Praehistoricus, Kjustendil-Blagoevgrad and Serres Amphipolis, 27.09-01.10.2004, Sofia 2007, 347-358.

**Манева Е., 1992** Средновековен накит од Македонија, Скопје 1992

**Митревски Д., 1995** Праисториската некропола „Клучка-Хиподром“ кај Скопје, ЗАМ бр. 1, Скопје 1995, 61-89.

**Митревски Д., 1997** Протоисториските заедници во Македонија, Скопје 1997

**Mitrevski D., 2006** Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, Folia Archaeologica Balkanica I, In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova, Скопје 2006

**Papanikola-Bakirtzi D., 2002** Everyday life in Byzantium, Athens 2002, Nr. 566.

**Petrinec M., 2009** Groblja od 8. do 11. stoljeća na području ranosrednjovjekovne hrvatske države, Split 2009

**Sandars N.K., 1955** The Antiquity of the One-edged Bronze Knife in the Aegean, PPS 21, 1955

**Stefanovich M., 1973** Some Balkan Elements in the Aegean Migrations, Actes du VIII congres UISPP/Actes III, Beograd 1973

**Stojić M., 2000** Brnjička kultura u Leskovačkom kraju, katalog izložbe, Leskovac 2000

**Valla M., 2007** A Late Bronze Age Cemetery in Faia Petra, East of the Middle Strymon Valley, The Struma/Strymon river valley in prehistory, Proceeding of the International Symposium Strymon Praehistoricus, Sofia 2007, 359-372

**Видески З., 2006** Димов Гроб. Некропола од доцното бронзено време во с. Уланци кај Градско, магистерски труд (необјавен)

**Видески З., 2006а** Мат сликана керамика од доцнобронзенодопската некропола Димов Гроб, с. Уланци-Градско, Folia Archaeologica Balkanica I, In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova, Скопје 2006

**Videski Z., 2007** Mycenaean Influences in the FYRO Macedonia, AEGAEUM 27, BETWEEN THE AEGEAN AND BALTIC SEAS - Prehistory Across Borders, University of Zagreb, 11-14 April 2005, Universitè de Liegè 2007, 211-214.

**Wardle K.A., 1977** Cultural Groups of the Late Bronze and the Early Iron Age in the North-West Greece, GCBI-XV kn.13, Sarajevo 1977, 153-201.

**ИМПРЕСУМ**

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА**

д-р Александра ПАПАЗОВСКА – **АВТОР НА ИЗЛОЖБАТА И КАТАЛОГОТ**

д-р Фаница ВЕЛЈАНОВСКА – **АВТОР НА ТЕКСТ ЗА АНТРОПОЛОГИЈА**

Дејан ГЕОРГИЕВСКИ – **АВТОР НА ТЕКСТ ЗА СРЕДЕН ВЕК**

Костадинка ФИЛИПОВА – **КУСТОС**

м-р Александра ЧЕВРЕСКА – **КУСТОС**

**АВТОРИ НА КАТАЛОШКИ ЕДИНИЦИ**

д-р Александра ПАПАЗОВСКА – А.П.

м-р Александра ЧЕВРЕСКА – А.Ч.

Дејан ЃЕОРЃИЕВСКИ – Д.Ѓ.

**СОРАБОТНИЦИ**

Елена БЛАЖОВСКА – археолог

Марија ВИДЕСКА – архитект

Никола ХАЏИ НИКОЛОВ – документатор

**РЕДАКЦИЈА**

проф. д-р Драги МИТРЕВСКИ

д-р Силвана БЛАЖЕВСКА

**ИЗРАБОТКА НА РЕКОНСТРУКЦИИ**

Зоран ТОШЕВСКИ, Миле БРЦЕВСКИ

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**

Елена РАФАЈЛОВСКА

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН НА КАТАЛОГ**

Дејан КРСТЕВ

**ФОТОГРАФИИ**

д-р Александра ПАПАЗОВСКА

м-р Александра ЧЕВРЕСКА

Никола ХАЏИ НИКОЛОВ

**ЛЕКТУРА**

Јасминка ЃОРЃИЕВА

**УРЕДНИК**

д-р Александра ПАПАЗОВСКА

**ИЗДАВАЧ**

МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО

за издавачот: Драгица ЧЕКОРОВА, директор

**ПЕЧАТИ**

МиД КОМПЈУТЕРИ

**ТИРАЖ**

120 примероци

ПОДРЖАНО ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

НЕГОТИНО, 2018



# МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО
## 17.10.2018 - 30.11.2018

АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА МАКЕДОНИЈА

Музеј на град Неготино

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
на Република Македонија